# НОВО СРЦЕ



**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 106, Дата: 14. 11. 2011.**

## Ден на љубезноста

На 13-ти ноември се одбележува светскиот ден на љубезноста. По тој повод, во овој број ќе позборуваме малку за оваа човечка доблест. Бидете љубезни и прочитајте ја статијата.



Една постара жена редовно ја посетувала малата поштичка, во нејзиното градче, каде што вработените се однесувале многу љубезно со неа.
Еден ден, таа требала да си ја подигне својата пензија, но редицата била прилично долга. Некој од присутните, ја посоветувал:
„Госпоѓо, не мора да чекате во редицата. Во чекалната има банкомат, каде што можете без чекање да си ги подигнете парите.
На тоа, старата госпоѓа му одговорила: „го знам тоа, мило мое, но банкоматот никогаш не ме прашува за моето здравје“.

Оваа илустрација многу добро ни ја прикажува разликата помеѓу љубезноста и добротата. Љубезноста е добро дело, зачинето со насмевка или пријатен збор. Таа на добротата и дава пријатна арома. Љубезноста значи да си спремен да правиш добро, со ентузијазам, радост и оптимизам. Љубезноста покажува дека не правиш добро само поради некакви правила и норми, туку бидејќи навистина веруваш во вредноста на секој човек. Токму затоа, искрената љубезност треба да биде дел од однесувањето на секој христијанин, бидејќи тие веруваат дека секој човек е Божјо создание, подеднакво љубено и вреднувано од Бог. Тоа важи и за богатиот и сиромавиот, за учениот и простиот, за праведникот и грешникот...
Па нели и самата Библија ни кажува дека еден од плодовите на Светиот Дух е љубезноста !
Апостол Павле, во посланието до Галатјаните (5:22) вели: „А плодот на Светиот Дух (во животот на христијанинот) е: љубовта, радоста, мирот, трпението, **љубезноста**...“

За жал денес живееме во време кога љубезноста е луксуз кој многу луѓе не си го дозволуваат. Секој брза на некаде, без воопшто да погледне наоколу и да посвети внимание на оние околу него. Во продавниците, чекате во ред, додека продавачот си разговара на мобилен.
Во автобус, мора да стоите, бидејќи помладите веќе не стануват кога ќе се појави некој постар. А во големите градови, соседите веќе не се ни познаваат.

Токму за еден таков случај зборува следнава приказна:
Едно христијанско семејство било укорено од нивниот пастор, дека не покажуваат доволно љубезност и внимание кон другите луѓе. За да се променат на тоа поле, тој ги охрабрил да се обидат да се зближат со нивните соседи. Следната недела на нивната улица тие забележале камион за селење и некои нови лица. Претпоставиле дека тоа се нивни, нови соседи, кои се доселуваат. Решиле да направат колачи и да ги посетат. Кога ги сретнале во дворот и им искажале добродошлица, нивните „нови“ соседи одговориле: „ но ние не се доселуваме. Ние денес се селиме од оваа населба. Овде живеевме веќе 8 години. Зар не нѐ познавате?“



**Покажи дека се разликуваш од овој свет, во кој се повеќе недостига љубезност.**
**Една насмевка или поздрав, може некому многу да му значи!**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**